РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Сите радиодифузери

За: Управителите/директорите и одговорните уредници

Бр. 03-4455/1

Скопје 07.12.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Потсетување за правилата во периодот на изборниот молк**

Почитувани,

Ве потсетуваме дека изборната кампања за Предвремените локални избори 2020 трае до 24 часот на 10 декември, а 11, 12 и 13 декември (до затворање на гласачките места) се денови на изборен молк.

За време на изборниот молк престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на учесниците во изборната кампања.

Според член 76-б од Изборниот законик, за прекршување на изборниот молк се смета објавувањето: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои се открива идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето; како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

.....................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ